mazars

МАЗАРС РЕВИЗИЈА ДОО Скопје
ул. Даме Груев бр. 7, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Тел: +389 (0) 2 3166 144
Факс: + 389 (0) 2 3166 156
Даночен број: МК4080021599709
Жиро сметка: 250-0101023078-05
Депонент: Шпаркасе банка Македонија АД Скопје
www.mazars.mk

Скопје, 24 јануари 2023

До: Раде Кончар Апаратна Техника АД, Скопје
Бул.3-та Македонска бригада бб.
1000, Скопје

Реф: Промена на назив на ангажирано друштво за ревизија на финансиски извештаи за 2022 година според договор за ревизија Ваш број 0204-82 од 13.12.2022 година.

Почитувани,

Како дел од процесот на подобрување за обезбедување професионални услуги од областа на сметководството, ревизијата, даночниот и финансиски консалтинг, нашето друштво за ревизија (претходно СФАИ МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје) стана ексклузивен член за Република Северна Македонија на една од најголемите светски мрежи на сметководствени и ревизорски фирми MAZARS која е полноправна членка на Форумот на фирми и Комитетот на Транснационални ревизорски куќи (FORUM OF FIRMS AND TRANSNATIONAL AUDITORS COMMITTEE) при најпрестижната Меѓународна федерација на сметководители во светот (IFAC) и согласно рангирањата на ревизорските куќи влегува во листата на најдобри 10 во светот.

Соодветно на тоа, извршивме промена на називот на друштвото, при што новиот назив е Друштво за ревизија МАЗАРС РЕВИЗИЈА ДОО Скопје и истото е ажурирано во Централниот Регистар на Република Северна Македонија во декември 2022 година, додека правниот континуитет на друштвото за ревизија продолжува и понатаму.

Согласно барањата на Законот за ревизија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10, 135/11, 188/13, 43/14, 138/14, 145/15, 192/15, 23/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 122/21), промената на називот, во текот на јануари 2023 година, беше соодветно ажурирана во Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија и во Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија.

Нашата натамошна комуникација и известување ќе биде исклучиво преку брендот MAZARS со користење на новиот назив на друштвото за ревизија МАЗАРС РЕВИЗИЈА ДОО Скопје.

Стоиме на располагање за било каква дополнителна комуникација во врска со промената на називот од СФАИ МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје (стар назив) во МАЗАРС РЕВИЗИЈА ДОО Скопје (нов назив).

Со почит,

Ненад Ранѓеловиќ
Управител

Друштво за ревизија МАЗАРС РЕВИЗИЈА ДОО Скопје
mazars